АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31-10-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4762 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на неделниот весник „Заман“ и на магазинот „Заман шќип“ и

2.2. Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на магазините „Мини Либи“ и „Либи“ на македонски јазик и „Мини Либи“ и „Либи“ на албански јазик.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието од 16-22 октомври 2018 година на неделниот весниик „Заман“ бр.1162;
- изданието за месец октомври 2018 година на магазинот „Заман шќип“ бр.154;
- изданијата за месец октомври 2018 година на магазините „Мини Либи“ бр.15 и „Либи“ бр.15 на македонски јазик;
- изданијата за месец октомври 2018 година на магазините „Мини Либи“ бр.8 и „Либи“ бр.8 на албански јазик.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 31 октомври 2018 година.

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми.

*Сектор за стратешко планирање и авторски права*